# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО - НАУЧНАТА ОБЛАСТ (ДИСЦИПЛИНА) ЕКОНОМИЈА НА БАС ИНСТИТУТОТ ЗА МЕНАЏМЕНТ БИТОЛА

Врз основа на конкурсот на БАС Институтот за менаџмент Битола, објавен во весниците Нова Македонија и Лајм од 14.06.2017 година, за избор на наставник во сите научни и наставно-научни звања за групи предмети од полето Економски науки, во наставно – научната област (дисциплина) 50329 Друго – Економија и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-20/3, донесена на 03.07.2017 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Томе Неновски, редовен професор на Факултетот за деловна економија и организациони науки при Универзитетот Американ Колеџ Скопје, проф. д-р Ленче Петреска, редовен професор на Факултетот за економика и организација на претприемништво при Меѓународниот Славјански Универзитет „Г.Р. Државин" Св. Николе и проф. д-р Цветко Смилевски редовен професор во пензија.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов:

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања за групи предмети од полето Економски науки, во наставно – научната област (дисциплина) 50329 Друго – Економија во предвидениот рок се пријави кандидатот Д-р Емилија Стевановска.

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот Д-р Емилија Стевановска е родена на 18.02.1977 година, во Битола. Средно образование завршила во Битола на СЕУ „Јане Сандански" како Економски техничар. Со високо образование се стекнала на Економскиот факултет во Прилеп при Универзитетот „Св. Климент Охридски" на насоката Меѓународна економија во 2000 година.

Кандидатот активно се служи со македонски, српски, англиски и италијански јазик.

Во 2005 година го одбранила магистерскиот труд на тема: „Искуствата од функционирањето на современите пазари на труд и нивната релевантност за македонската економија" под менторство на Академик Таки Фити.

Дисертацијата на тема: „Пазарот на труд во Република Македонија и аспирациите за членство во Европската унија" ја одбранила на Економскит факултет Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во 2009 година, пред Комисија во состав: Академик Таки Фити - ментор и Академик Гоце Петрески, Проф. Д-р Методија Стојков, Проф. Д-р Славе Ристески и Проф. Д-р Владимир Филиповски - членови на комисијата. Со тоа се стекнала со научниот степен Доктор на економски науки.

Во октомври 2005 година е избрана за асистент на Економскиот факултет при Европскиот Универзитет РМ Скопје на предметите: Основи на економија, Менаџерска економија, Монетарна економија и Меѓународни финансии. Во април 2009 година е избрана во звањето Доцент на Европскиот Универзитет РМ Скопје во областа Економија.

На 20.12.2012 година е избрана во звањето Виш научен соработник и Вонреден професор на БАС ИМ во областа Економија. Во моментот е Виш научен соработник и Вонреден професор на БАС Институтот за менаџмент Битола и Бизнис академија Смилевски БАС Скопје. Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 2. Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата

### Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на Бизнис академијата Смилевски во одделенијата во Скопје и Битола, кандидатот Д-р Емилија Стевановска изведува настава, вежби и теренска настава по предметите: Вовед во микроекономија и Деловни финансии на прв циклус студии на студиската програма Оперативен менаџмент со редовните и вонредните групи на студенти, како и настава по предметот Компаниски и инвестициски финансии на втор циклус студии на студиската програма Стратегиски менаџмент.

Кандидатот била ментор на 18 дипломски и на 5 специјалистички трудови.

Кандидатот учествувала како член во Комисија за оцена/или одбрана на 12 дипломски и 7 специјалистички трудови.

Кандидатот е автор на интерна скрипта од предавања по предметот Вовед во микроекономија и Деловни финансии на прв циклус студии, и пакет материјали за предметот Компаниски и инвестициски финансии на втор циклус на студии на Бизнис академијата Смилевски.

Кандидатот е раководител на „Работилница на идеи" во две компании и учесник во „Работилница за развој на идеи за брендирање на производите на македонскиот пазар" на Меѓународниот Славјански Универзитет Св. Николе.

*Конкретните активности се опишани во Анекс 1, кој се доставува во прилог со овој Извештај.*

### Научноистражувачка дејност

Д-р Емилија Стевановска има објавено вкупно 26 научни трудови од областа на економијата, пазарот на труд, маркетингот и менаџментот, од кои 7 трудови во меѓународни научни списанија, 17 трудови во зборник од научен собир со меѓународен уредувачки одбор и 1 труд во зборник од научен собир.

Д-р Емилија Стевановска е учесник во национален научен макро проект „Развивање стратегиски фокусирана организација за конкурентност" при БАС Институтот за менаџмент Битола.

Кандидатот има одржано 14 секциски предавања на научни собири со меѓународно учество и 1 секциско предавање на научен собир.

*Конкретните активности се опишани во Анекс 1, кој се доставува во прилог со овој Извештај.*

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Д-р Емилија Стевановска активно е вклучена во стручно-апликативната работа и промотивните активности на БАС Институтот за менаџмент Битола.

Д-р Емилија Стевановска била координатор на елаборат за нова студиска програма на Академијата за банкарство и финансии при Универзитетот Евро Балкан Скопје.

Кандидатот била член на стручен тим при Министерството за образование и наука за изготвување прашања за екстерно проверување на постигањата на успехот на учениците во средното стручно образование за наставниот предмет Бизнис.

Кандидатот остварила експертски активности како проект менаџер во 5 проекти: „Одговорно коцкање", „Стратегиски менаџмент: Систематизација на работни места и висина на плати", „Мерење на учинокот и задоволството на вработените" и „Проект: Online Accounting System for R. Macedonia", 1 физибилити студија „Преземање и присоединување на сектор од едно во друго правно лице", 2 стручни анализи на банкарскиот сектор во Р. Македонија и во Р. Србија, 1 бизнис план „Kosovo Gaming – Business Plan" и 5 елаборати за истражувања на пазарот од областа на игрите на среќа „Gaming Market Investigation"во Р. Македонија, Р. Србија, Федерација Босна и Херцеговина, Република Српска и Р. Црна Гора.

Д-р Емилија Стевановска остварила 2 предавања со презентација на Седмиот Новоматик Симпозиум во Виена и Летните академски разговори на Универзитетот Евро Балкан Скопје.

Кандидатот одржала 1 дводневна стручна обука „Буџетирање и планирање" на вработени во ФЗОМ, како и групи обуки од јавен интерес на тема „Одговорно коцкање".

Особена активност кандидатот покажува во дејностите од поширок интерес.

Д-р Емилија Стевановска била член на 1 организационен одбор на Втората меѓународна научна конференција на БАС Институтот за менаџмент Битола и на 3 програмски одбори на научни симпозиуми на Бизнис академијата Смилевски БАС Скопје.

Д-р Емилија Стевановска активно е вклучена во работата на научниот национален проект како соработник во РСФОК на БАС Институтот за менаџмент Битола.

Кандидатот е Управител на ХТЛ Македонија Дооел Скопје со 28 вработени, Заменик управител на МА Гаминг Дооел Скопје со 369 вработени и Заменик управител на Мастербет Дооел Скопје со 310 вработени, како дел од групацијата Novomatic Group of Companies од Австрија во Р. Македонија.

Била член на 13 рецензентски комисии за избор на лица во наставно-научно звање.

*Конкретните активности се опишани во Анекс 1, кој се доставува во прилог со овој Извештај.*

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатот Д-р Емилија Стевановска, во семестрите на академската 2012/2013 и 2016/2017 година, доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Бизнис академијата Смилевски БАС Скопје.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на Д-р Емилија Стевановска.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека Д-р Емилија Стевановска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на БАС Институтот за менаџмент Битола ги исполнува сите услови да биде избрана во наставно - научното звање Редовен професор – Научен советник во наставно - научната област (дисциплина) Економија.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на БАС Институтот за менаџмент Битола, Д-р Емилија Стевановска да биде избрана во наставно – научно звање Редовен професор – Научен советник во наставно – научната област (дисциплина) Економија.

Битола, 30 Август 2017

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. **Д-р Томе Неновски, редовен професор;**

_________________________

2. **Д-р Ленче Петреска, редовен професор;**

_________________________

3. **Д-р Цветко Смилевски, редовен професор;**

_________________________